Министерство за култура | Ministria e Kulturës

Сектор за управен и инспекциски надзор | Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ЈУНИ, 2020 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. бр. | 57 -7523/1 | | Сабина Синан<br>[име и презиме] |
| Датум: | 14. 7.2020 година | | Раководител на Сектор-главен инспектор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје, 2020 година | (м.п.) | [потпис] |

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**

Сектор за управен
и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА УПРАВЕН И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ – ЈУНИ, 2020 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| Дел. бр. | 57 -7523/1 | | Сабина Синан<br>[име и презиме] |
| Датум: | 14. 7.2020 година | | Раководител на Сектор-главен инспектор<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| Место: | Скопје, 2020 година | (м.п.) | [потпис] |

**Резиме**

Во првото полугодие од 2020 г., имајќи ги предвид заклучоците, препораките и мерките донесени од страна на Владата на РСМ, а со цел превенција од ширење на болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), за што е прогласена и воднредна состојба во државата, во Министерството за култура, вклучително и во Секторот за управен и инспекциски надзор, како организациона единица на МК работата беше организирана во смени, а дел од планираните надзори беа одложени. Оттука, вонредната состојба предизвика суштински промени во состојбите со проценетите ризици**,** при што Секторот согласно со заклучоците на Владата на РСМ има преземено соодветни мерки со цел надминување на предизвиците. Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на МК, се вршени од страна на вкупно 5 (пет) инспектори за култура. Почнувајќи од 1.1.2020 г., еден административен работник е распореден на работно место - соработник за обработка и евиденција на поднесоци-*помошник инспектор*. Раководниот инспектор, покрај вршење на инспекциски надзори има вршено и други работни задача (како преписка со Државното правобранителство на РСМ; ОЈО, МФ, Државната комисија за спрекување на корупцијата и други органи). Во извештајниот период се извршени **вкупно 41 инспекциски надзор, од кои 20 редовни, 17 вонредни и 4 контролни надзори,** односно 30 по Законот за културата, 8 по Законот за издавачката дејност, 2 по Законот за музеите и 1 по Законот за употребата на македонскиот јазик, а за утврдените недостатоци и неправилности издадени се вкупно 12 решенија, со што во првото полугодие има *минимални (оправдани) отстапувања во поглед на планираниот број на инспекциски надзори (вк. 52 надзори).*

Инспекторите имаа учествувано на две обуки/советувања и една online обука. Секторот, нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на МК (плати, трошоци за гориво, патарини). Во извештајниот период не е остварена соработка на билатерална или мултилатерална основа, а во насока на зголемување на транспарентноста во работењето, покрај објавените чек – листи за проверка донесени се повеќе акти согласно со новиот ЗИН и изработени се нови службени легитимации. Реализацијата на месечните планови за работа во вт. полугодие од 2020 г., ќе зависи од состојбата со болеста COVID-19 и согласно со тоа ќе се почитуваат идните мерки и препораки, што ќе бидат донесени од страна на Владата на РСМ и од Инспекцискиот совет.

**Управување со ризици**

Во извештајниот период, државата и граѓаните на РСМ беа соочени со големите предизвици и последици од здравствен, економски и социјален аспект, настанати од болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС). Оттука, имајќи ги предвид заклучоците, препораките и мерките донесени од страна на Владата на Република Северна Македонија во првото полугодие од 2020 година, а со цел превенција од ширење на болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), за што е прогласена и воднредна состојба во државата, во Министерството за култура, вклучително и во Секторот за управен и инспекциски надзор работата беше организирана во смени, а дел од планираните инспекицизки надзори за м. март, април, мај и делумно за јуни 2020 г., беа одложувани до укинување на вонредната состојба. Така, дел од планираните инспекциски

надзор во Скопје, Тетово и другите градови, не беа реализирани имајќи предвид дека поголем дел од субјектите согласно со заклучоците на Владата на РСМ, беа затворени поради вонредната состојба, но и поради неисправноста на службеното возило, коешто поради вонредната состојба немаше можност да биде сервисирано во периодот од март до мај, оваа година.

Дел од субјектите на надзорот, особено национални и локални установи од областа на културата, но и други правни и физички лица претежно беа опфатени со мерките на Владата на РСМ (забелешка: ослободување од работа, работа во смени или времено затворање на субјекти, користење годишни одмори,здравствени причини, ...).

Исто така, во текот на м. март, во Секторот за управен и инспекциски надзор е евидентиран и еден случај на самоизолација на вработен (инспектор), а за што од негова страна е дадена изјава и извршено тестирање на 30.3.2020 година. Од таа причина и останатите инспектори за култура превентивно не вршеа инспекциски надзори во периодот од две недели.

Напомена: врз основа на Правилникот за елементите на проценката на ризикот, како и зачестеноста на спроведувањето на инспекциски надзори врз основа на проценката на ризик („Сл. весник на РСМ“ бр. 247/19), донесен од Инспекцискиот совет согласно со член 32 став (9) од новиот Закон за инспекциски надзор надзор („Сл. весник на РСМ“ бр. 102/19), упатството/насоки од ИС, како и по воведувањето на „информациски систем за инспекциски надзор, со соодветни софтверски алатки вградени во него“, во текот на 2020 г. согласно со член 32 став (1) од Законот за инспекциски надзор, **требало да биде подготвена методологија за проценка на ризик за инспекциски надзори во областа на културата, што се во недлежност на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК**, но истото порадо вонредната состојба во државата не е реализирано. Имено, според член 32 од Законот за инспекциски надзор предвидено е дека **проценката на ризик се прави во текот на подготвувањето на годишниот план за работа на инспекциска служба,** односно во конкретниот случај за 2021 г. со оглед на тоа што новиот Закон за инспекциски надзор започна со примена на 30. ноември, 2019 г., а веќе претходно во законски предвидениот рок согласно со член 15 став (1) од тогаш важечкиот Закон за инспекциски надзор („Сл. весник на РМ“ бр. 50/10, ... и 120/18), и Правилникот за формата и содржината на годишната програма за работа на инспекциските служби („Сл. весник на РМ“ 44/15), од министерот за култура е изготвен предлог на Годишната програма за работа за 2020 г. на Секторот за управен и инспекциски надзор бр. 57-9697/4 од 18.9.2019 г., за којашто со Допис бр. 14-750/3 од 25.9.2019 г., ИС го има известено МК дека е разгледана и дека по истата нема забелешки и дека дава позитивно мислење. Согласно со насоките на ИС од 6.12.2019 г., за постапување по новиот ЗИН, а **заради олеснување на изготвувањето на месечните планови за работа за 2020 г. согласно со новодонесениот Правилник за содржината и формата на месечниот план за работа на секој инспектор** („Сл. весник на РСМ“ 238/19), усвоената Годишна програма за работа за 2020 г. е ажурирана, односно усогласена со новодонесениот Правилник за содржината и формата на годишниот план за работа на инспекциска служба.

За 2020 година, анализа на проценката на ризик за непостапување по материјалните законски и подзаконски прописи од областа на културата од страна на субјектите на инспекцискиот надзор и штетните последици кои можат да произлезат од вршењето на приоритетна дејноста, беше заснована врз состојбата, утврдена од инспекциските надзори извршени во периодот од 2008 г., заклучно со третиот квартал од 2019 г. и преземените управно-надзорни мерки од инспекторите за култура, како и од другите инспекциски служби (преку соодветна размена на податоци и искуства), во сите дејности од областа на културата. Имено, во горенаведениот период утврдено е подобрување на состојбите кај одделни дејности (како издавачка, библиотечна и музејска дејност). Понатаму, поради неусогласените материјални закони од областа на културата, во делот на прекршочните одредби и кои според законската обврска требало да се извршат во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на новиот Закон за прекршоците („Сл. весник на РСМ“ бр. 96/19), како и поради *неусогласеноста со новиот ЗИН,* утврден е ризик во смисла на несоодветен надзор над примена и санкционирање согласно со материјалните закони. Исто така, анализата покажа дека ризик во неприменувањето на законите од областа на културата во 2020 г., постои кај корисници на средствата од Буџетот на РСМ, како и кај дел од националните установи и тоа воглавно поради недостиг на соодветен стручен кадар или поради недостиг на потребните финансиски средства за доследна примена на законите и подзаконските акти, а во одредени случаи нецелосна или делумна реализација на финансираните проекти/програма и трошење над одобрените и преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК.

Оттука, за 2020 година беше проценето дека поради среден или висок степен на ризик има потреба за вршење зачестени редовни и вонредни инспекциски надзори од аспект на примена на Законот за културата кај одредени национални установи, со поголем прилив на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК, но прогласената вонредна состојба на територијата на РСМ со цел превенција од ширење на болеста COVID-19, предизвика суштински **промени во состојбите со проценетите ризици**, при што Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во извештајниот период согласно со заклучоците донесени од Владата на РСМ има преземено соодветни мерки со цел надминување на предизвиците.

**Организација и раководење**

Работите на инспекцискиот надзор од надлежност на Министерството за култура на РСМ, ги вршат инспектори за култура при организационата единица – Сектор за управен и инспекциски надзор. Работата во Секторот е организирана во 2 одделенија (Одделение за инспекциски надзор и Одделение за управен надзор и контрола над наменското користење на буџетски средства), со 12 систематизирани работни места и вкупно 13 извршители, од кои моментално 5 (пет) работни места се пополнети со вкупно 6 (шест) извршители и тоа: раководител на Сектор – главен инспектор (дипл. правник), 2 виши инспектори (еден дипл. правник и еден дипл. економист), 1 советник – инспектор (дипл. економист), 1 соработник за обработка и евиденција на поднесоци-помошник инспектор (дипл. правник), и еден извршител - самостоен референт за техничка обработка на документација (со ССП).

Согласно со член 34 од новиот Закон за инспекциски надзор, предвидено е директорот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од законот врз основа на

годишниот план за работа на инспекциската служба, најдоцна до почетокот на месецот да донесе месечен план за работа на секој инспектор и истиот во рок од 10 дена од денот на донесувањето да го достави до Инспекцискиот совет за информирање, во електронска форма. Исто така, согласно со член 35 од Законот за инпекциски надзор, предвидено е извештајот за работа на инспекциската служба за претходните 6 (шест) месеци, да го донесува директоротот, односно раководителот на инспекциската служба од член 26 од законот. Извештајот за работата на инспекциската служба, се доставува до Инспекцискиот совет за добивање на мислење.

Раководниот инспектор, во извештајниот период покрај вршење на инспекциски надзори има вршено и други работни задача и тоа; организирање, координирање и насочување на работата со Секторот; распоредување на задачите на извршителите и давање упатства за нивно спроведување, предлагање и подготвување месечен план за работа и грижа за негово реализирање, надзор над реализација на програмата, стручно обработување на прашањата од надзорен карактер во областа на културата, преписка со Инспекцискиот совет на РСМ, по потреба и по налог вршење преписка со Државното правобранителство на РСМ; ОЈО, Министерството за финансии, Народен правобранител на РСМ, Државната комисија за спрекување на корупцијата, судски органи и други органи на државната управа (за барања на податоци, мислења и појаснувања упатени до СУИН на МК), мислења по законски и подзаконски прописи од областа на културата, произнесувања по новинарски прашања, претставки и друго. При тоа, дел од работните задачи, како што се, пред се преписка со Инспекцискиот совет и други органи на државната управа е распоредувана на другите раководни инспектори-виши инспектори, како и на останатите инспектори за култура.

Во извештајниот период инспекциски надзори се вршени од страна на вкупно 5 (пет) инспектори, при што во последниот квартал од 2019 г., од страна на Министерството за култура се преземени активности за унапредување на инспекторите со распишувањето на Интерен оглас бр 03/2019 од 18.12.2019 г., за унапредување на административни службеници во МК, за работните места: раководител на Одделение за инспекциски надзор-виш инспектор и раководител на Одделение за управен надзор и надзор над наменското користење на буџетски средства-виш инспектор, на којшто пријави поднесоа двајца советници - инспектори за култура. Врз основа на Одлука бр, 04-14549/1 од 26.12.2019 г., за избор на кандидат по Интерен оглас бр. 03/2019, административниот службеник Маја Митревска е унапредена и распоредена на работно место: раководител на Одделение за инспекциски надзор-виш инспектор, а административниот службеник Зоран Маркозанов со Решение бр. 04-14739/1 од 30.12.2019 г., е унапреден и распореден на работно место: раководител на Одделение за управен надзор и надзор над наменското користење на буџетски средства-виш инспектор, а со Решение бр. 04-14738/1 од 30.12.2019 г., почнувајќи од 30.12.2019 година. Додека, лицето Дејан Аџиевски, соработник **за** обработка на податоци во функција на надзор, **почнувајќи од 1.1.2020 г.,** со Решение бр. 04-14560/1 од 26.12.2019 г, е распореден на работното место - соработник за обработка и евиденција на поднесоци-помошник инспектор во Одделението за инспекциски надзор-помошник. Во извештајниот период не се вршени други прераспоредувања, ниту нови

вработувања и/или пензионирања (забелешка помошник на раководител на Сектор - помошник - инспектор за култура, на 7. јуни, 2019 г., на 68 г. возраст замина во пензија).

Табела 1 - Преглед на бројот на инспектори кои врш*еле* инспекциски надзор *во полугодието*, по вид, возраст и звање

| Вид | **Инспектор за култура** [вид 1] | | | | | | Инспектор за [вид 2] | | | | | | Инспектор за [вид n] | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | 1 | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 1 | 1 | | 2 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор* | | 1 | | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 1 | 2 | 2 | 0 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Табела 2 - Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието

| Вид | Инспектор за култура [вид 1] | | | Инспектор за [вид 2] | | | Инспектор за [вид n] | | | Вкупно инспектори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | 1* | | 1 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

* Административниот службеник Дарко Аџиевски, којшто од работното место соработник за обработка на податоци во функција на надзор, почнувајќи од 1.1.2020 г. со Решение бр. 04-14560/1 од 26.12.2019 г., **е распореден** на работно место-соработник за обработка и евиденција на поднесоци-помошник инспектор за култура во Одделението за инспекциски надзор, по добивањето на службена легитимација започна со вршењето на инспекциски надзори во текот на м. март, 2020 година.

## Инспекциски надзор

Според евиденцијата на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура (**во натамошниот текст: МК**), во текот на првото полугодие од 2020 г. биле извршени **вкупно 41 инспекциски надзор, од кои 20 редовни, 17 вонредни и 4 контролни надзори и тоа:**

**- 30** инспекциски надзори, извршени согласно со **Законот за културата** (од кои 12 редовни, 15 вонредни и 3 контролни)**,** од аспект на работењето и наменското користење на средствата обезбедени преку МК од Буџетот на Република Северна Македонија, за програми/проекти од национален интерес во културата за 2019 г., во национални и локални установи од областа на културата, здруженија на граѓани, издавачки куќи и други правни лица, регистрирани за вршење соодветна дејност од областа на културата, како и кај физички лица, сите корисници на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, преку МК,

**- 8** инспекциски надзор (од кои 7 редовни и 1 вонреден), извршени кај субјектите чиешто работење подлежи на надзор согласно со **Законот за издавачката дејност и подзаконските прописи,**

**- 2** инспекциски надзори (еден редовен и еден контролен), извршени кај субјектот (национална установа), чиешто работење подлежи на надзор согласно со **Законот за музеите и подзаконските прописи**, и

**- 1** вонреден инспекциски надзор, извршен кај субјектот (УКИМ), чиешто работење подлежи на надзор согласно со **Законот за употребата на македонскиот јазик**,

За утврдените недостатоци, како и повреди на прописите од областа на културата, во текот на првото полугодие од 2020 г. од страна на инспекторите за култура издадени се вкупно **12 решенија со наредба** и опомена за отстранување на утврдените недостатоци во определен рок (согласно со Законот за културата и новиот Закон за инспекциски надзор), од кои 10 по Законот за културата, 1 по Законот за издавачката дејност и 1 по Законот за музеите, при што против едно Решение со наредба издадено од аспект на примена на Законот за културата, од страна на субјектот на надзорот на 16.6.2020 г., е поднесена Жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Приказ на реализацијата на годишниот и месечните планови за инспекциски надзор на инспекторите за култура при Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во првото полугодие од 2020 година, односно статистички информации и податоци се прикажани во форма на табеларен преглед.

Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | упно над | о неп рав |
|---|---|---|---|---|

| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вардарски регион | 0 | 2 | 0 | 2 | 0 |
| 1 | Велес | | | | 0 | 0 |
| 2 | Градско | | | | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | | 1 | | 1 | 0 |
| 5 | Лозово | | | | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | | 1 | | 1 | 0 |
| 7 | Росоман | | | | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | 0 |
| 9 | Чашка | | | | 0 | 0 |
| | Источен регион | 0 | 1 | 0 | 1 | 1 |
| 10 | Берово | | | | 0 | 0 |
| 11 | Виница | | | | 0 | 0 |
| 12 | Делчево | | 1 | | 1 | 1 |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | | | | 0 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | 0 |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | 0 |
| 20 | Штип | | | | 0 | 0 |
| | Југозападен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | | | | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | | | | 0 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | 0 |
| 26 | Охрид | | | | 0 | 0 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | 0 |
| 28 | Струга | | | | 0 | 0 |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | | | | 0 | 0 |
| 32 | Валандово | | | | 0 | 0 |
| 33 | Василево | | | | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | | | | 0 | 0 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | 0 |
| 36 | Конче | | | | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | | 1 | | 1 | 0 |
| 39 | Струмица | | | | 0 | 0 |
| | Пелагониски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

Сектор за управен и инспекциски надзор

Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 40 | Битола | | | | 0 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | | | | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | | | | 0 | 0 |
| 45 | Могила | | | | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | | | | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | 0 |
| 48 | Ресен | | | | 0 | 0 |
| | Полошки регион | 0 | 3 | 0 | 3 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | 0 |
| 50 | Бревеница | | | | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | | | | 0 | 0 |
| 53 | Желино | | | | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | | | | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | | 3 | | 3 | 0 |
| | Североисточен регион | 1 | 0 | 1 | 2 | 1 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | 0 |
| 60 | Куманово | 1 | | 1 | 2 | 1 |
| 61 | Липково | | | | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | 0 |
| | Скопски регион | 19 | 10 | 3 | 32 | 10 |
| 64 | Аеродром | 1 | 1 | | 2 | 1 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | | | | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | | | | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | 6 | 2 | | 8 | 1 |
| 72 | Кисела Вода | 1 | 1 | | 2 | 1 |
| 73 | Петровец | | | | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | | 1 | | 1 | 0 |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | 0 |
| 77 | Центар | 10 | 3 | 3 | 16 | 5 |
| 78 | Чаир | 1 | 2 | | 3 | 2 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | 0 |
| ВКУПНО | | 20 | 17 | 4 | 41 | 12 |

**Обука на инспекторите и административните службеници**

Во текот на м. јуни 2020 г., двајца инспектори за култура (виш инспектор и помошник инспектор; преку Инспекцискиот совет поминаа online обука за изработка на шестмесечниот извештај за работа согласно со новиот Закон за инспекциски надзор.

На ден 23.1.2020 г., сите 5 инспектори за култура учествуваа на обуката за примена на новиот Закон за инспекциски надзор и подзаконските акти, во организација на Друштвото АКАДЕМИК од Скопје (предавачи – виши управни инспектори, учесници општински и републички/државни инспектори), а на 27. и 28.2.2020 година, раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор учествуваше на Советувањето на тема „Имплементација на Законот за општата управна постапка и Законот за управни спорови", во организација на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев"-Скопје со следниве обучувачи: Каролина Стојаноска Богдановска, виш инспектор од Државен управен инспекторат, Жаклина Костова, генерален секретар на Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен, како и професорите д-р Борче Давитковски и д-р Ана Павловска-Данева од УКИМ, Правен факултет-Скопје.

Поради вонредната состојба со болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), не се организирани планираните генерички и специјализирани обуки согласно со новиот Закон за инспекциски надзор.

Обуките на инспекторите за култура, спроведени во текот на првото полугодие од 2020 година, се прикажани во следната табела:

| *Назив на обуката* | *Цел на обуката* | *Организатор* | *Обучувач* | *Место, година* | *Целна група* | *Бр. на учес-ници* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Online обука за изработка на 6-месечен извештај за работа | Изработка на 6-месечен извештај за работа на нов образец согласно со новиот ЗИН | Инспек-циски совет-Скопје | Online обука | *Скопје, јуни 2020 г.* | *Инспек-тори за култура* | *2* |
| Примена на новиот ЗИН | Примена на новиот ЗИН и | Друштво АКАДЕМИК | управни инспектори | Скопје, 23.1.2020 | Општ. и републи | *15* |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| и подзакон-ски акти | подзаконски акти | од Скопје | (2) | година | чки/ држ. инспектори | |
| Советува-ње „Имплементација на Законот за општата управна постапка и Законот за управни спорови“ | Имплемента-ција на Законот за општата управна постапка и Законот за управни спорови | Академија за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“- Скопје | Каролина Стојаноска Богдановска виш управен инспектор, Жаклина Костова, генерален секретар и проф. д-р Борче Давитковски д-р Ана Павловска-Данева | Скопје, 27. и 28.2. 2020 година | Општ. и републички/ држ. инспектори и чл. и претс. на прекр. комисии | 15 |

## Буџет и финансирање

Имајќи предвид дека Секторот за управен и инспекциски надзор, е организациска единица во рамките на Министерството за култура, нема посебен буџет, туку расходите се намируваат во рамките на Буџетот на Министерството за култура (плати, трошоци за гориво, патарини и друго). Секторот за управен и инспекциски надзор не врши дополнителни активности, односно не остварува дополнителни средства.

## Меѓународна соработка

Во извештајниот период не е остварена соработка на билатерална или мултилатерална основа. Усогласување, односно хармонизација на материјалните закони од областа на културата со законодавството на ЕУ **и придонес кон евро-интеграциските процеси**, се врши преку надлежните организациски едници на МК.

## Други активности на инспекциската служба

Поради вонредната состојба со болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), во извештајниот период, покрај извршување на надлежностите утврдени со законите од областа на културата, како и Законот за инспекциски надзор и актите за систематизација на работните места во МК, Секторот за управен и инспекциски надзор нема реализирано активности во насока на употреба и надградби на ИТ системите, иновации во работењето и воведување на нови процедури, но во насока на зголемување на транспарентноста во работењето и согласно со обврските од новиот Закон за инспекциски надзор уште во текот на м. ноември 2019 година, објавени се чек – листите за проверка по сите 8 (осум) закони од областа на културата и истите се објавени на

официјалната веб-страната на Министерството за култура (скратени вер1зии), а на којашто се објавуваат и инспекциските акти (решенија). Во извештајниот период согласно со обврските од новиот Закон за инспекциски надзор донесени се Програмата за практична работа и обука на работно место под надзор на ментор за стекнување со лиценца за инспектор за култура во Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, заведена под деловоден број 57-95/1 од 08.01.2020 г., Програмата за испит за лиценца за инспектор за култура - практичен дел со деловоден број 57-96/1 од 08.01.2020 г., како и Годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на секо јинспектор за култруа за 2020 година со дел. бр. 57-88/1 од 8.1.2020 г. и истите се доставени на увид до Инспекцискиот совет.

Исто така, во извештајниот период изработени се и новите службени легитимации на инспекторите за култура согласно со новиот ЗИН и Правилникот за формата и содржината на образецот на службената легитимација и значката на инспекторот, ... („Сл. весник на РСМ“ бр. 238/19).

Воедно, согласно со Решението бр. 04-2616/1 од 24.2.2020 г., донесено од министерот за култура со коешто е формирана Работната група за спроведување и подготовтка на функционална анализа на МК согласно со обврската од член 17 став (4) од Законот за вработените во јавниот сектор и член 23 став (1) од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, раководителот на Секторот за управен и инспекциски надзор е назначена за член во истата. Од страна на Работната група веќе во февруари е започнато со подготвителните активности за спроведување на функционалната анализа со пополнување на прашалниците за самоценка на вработените во МК и за детално истражување – обрасците Г и Д (меѓудругото, прибирање податоци за преземените активности во последните три години, предлози за измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на МК и материјалните закони и др.).

Во извештајниот период Секторот за управен и инспекциски надзор има остварено соработка и преписка со други органи на државната управа (Државно правобранителство на РСМ, Основно јавно обвинтелство за гонење на организиран криминал и корупција, Државна комисија за спречување на корупцијата, МВР, Управа за финансиска полиција, ..), односно подготовка на мислења, достава на списи и податоци и друго во судски постапки, водење инспекциска (статистичка) евиденција и друго.

**Заклучоци и препораки**

Имајќи ја предвид вонредната состојба на територијата на РСМ прогласена во извештајниот период поради болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), општата оценка за оствареноста на зацртаните цели и планови на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК е задоволителна. Имено, и покрај вонредната состојба во текот на првото полугодие од 2020 г. биле извршени **вкупно 41 инспекциски надзор, од кои 20 редовни, 17 вонредни и 4 контролни надзори и тоа од аспект на примена на 4 (четири) закони од областа на културата (од кои 30** по **Законот за културата, 8 по Законот за издавачката дејност, 2 по Законот за музеите и 1 по Законот за употребата на македонскиот јазик), и** издадени

вкупно **12 решенија со наредба** и опомена за отстранување на утврдените недостатоци во определен рок. односно, во првото полугодие од 2020 г. има **минимални (оправдани) отстапувања во поглед на планираниот број на инспекциски надзори (планирани вкупно 52 надзори, реализирани 41 надзор, но со напомена дека надзорите кај одделни субјекти се планирани со повеќе месечни планови, односно се пренесувани за реализација за наредниот месец заради неможноста истите да бидат реализирани поради објективни или субјективни причини во текот на м. март, април, мај или јуни).**

Имајќи ја предвид состојбата во првото полугодие, реализацијата на месечните планови за работа во второто полугодие од 2020 година, ќе зависи и од состојбата со болеста COVID-19 (КОРОНА ВИРУС), и согласно со тоа ќе се почитуваат идните мерки и препораки, што ќе бидат донесени од страна на Владата на РСМ и од Инспекцискиот совет.